**20161313240**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Со цел имплементација на одредбите на член 1 од Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид – Поградец, склучена во Охрид на 25 септември 1999

Врз основа на член 35 став 1 алинеја 3 и 5 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/10 и 41/14)

Министерот за внатрешни работи на Република Македонија во согласност со Министерството за финансии – Царинска управа на Република Македонија и утврдената согласност на Министерството за внатрешни работи на Република Албанија, како надлежен орган на соседната држава донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

I. Се определува привремен граничен премин „Свети Наум“ со цел спроведување на активности што произлегуваат од ратификуван меѓународен договор за преминување на државната граница по воден пат и престој на територијата на Република Македонија и Република Албанија.

II. Место на лоцирање на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин е лоциран на пристаништето во местото викано Свети Наум - Општина Охрид на заедничката граница помеѓу Република Македонија и Република Албанија.

III. Време на работење на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин се утврдува да работи од 15 јуни 2016 година до 15 октомври 2016 година со работно време од 9 до 20 часот.

IV. Обем на користење на привремениот граничен премин

Лицата кои во периодот од дел III на ова решение имаат намера да ја преминат државната граница преку овој привремен граничен премин со себе можат да носат само предмети наменети исклучиво за лична употреба.

Привремениот граничен премин не може да се користи за транспорт, односно пренесување на стоки преку државната граница кои подлежат на плаќање царина, данок или други давачки.

V. Начин на преминување на државната граница

Преминувањето на државната граница на привремениот граничен премин се врши од страна на лица кои се наоѓаат на списокот со податоците за членовите на екипажот и патниците кои се наоѓаат на пловниот објект за крстосување.

VI. Услови за преминување на државната граница

За преминување на државната граница преку привремениот граничен премин потребно е лицето да поседува валиден патен документ (лична карта или пасош) издаден согласно националното законодавство од надлежен државен орган со кој може да се утврди неговиот идентитет, како и да ги исполнува општите и посебните услови предвидени со закон за влез и излез од територијата на Република Македонија.

VII. Трошоци

Трошоците за определување и работење на привремениот граничен премин се на товар на Буџетот на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

VIII. Ова решение влегува во сила со денот на неговото потпишување и ќе биде објавено во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-045323/16-0002<br>28 јуни 2016 година<br>Скопје | Бр.1311-38504/1<br>20 јуни 2016 година<br>Скопје |
| За Министерство<br>за финансии<br>Царинска управа,<br>Директор<br>**Наташа Радеска-Крстевска**, с.р. | За Министерство за<br>внатрешни работи<br>Министер за внатрешни работи,<br><br>м-р **Митко Чавков**, с.р. |